| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Јас сум чист , јас сум здрав |
| **Содржина на денот** | „Рачиња си мијам“ |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за хигиената и правилно користење на средствата за лична хигиена , потикнување на потребата за уредност и хигиена. |
| **Активности** | Со децата започнете разговор за лична хигиена и хигиенските навики, притоа разговарајте за тоа како се грижиме за нашата чистота и уредност (сл.1,2).<br>Подгответе со Вашето дете сликички од начини на миење раце (сл.3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10). Со нив можете да направите постер за правилниот процес на ефективно миење на рацете. По завршување со изработката на постерот научете ја песничката која ќе ја пеете за време на миењето на раце со траење од 20 сек.<br>Рачиња си мијам,<br>секое прсте го тријам,<br>со сапунче и вода<br>чистотата секогаш е во мода.<br>*Автор на стиховите : Татјана Ч. Јовановска*<br>Детето ги мие рацете според дадениот редослед на постерот и ја пее песничката.<br>Понудениот материјал можете да го употребите со Вашето дете за боење (сл. 11,12). |